Produced by Sydney Hospital & Sydney Eye Hospital
& NSW Multicultural Health Communication Service

Macedonian
September 2003
[AHS-7065]

# Гледање точки пред очите
## Seeing spots or floaters

Окото содржи материја што личи на гел, позната како стакло (витреус) што ја исполнува централната шуплина на окото. Како што стареeме, гел–материјата може да се смали, да се задебели, или да стане повеќе течна. Тоа може да доведе луѓето да гледаат точки, конци или прашинки во своето видно поле. Тие најчесто се познати како точки или пловки.

Пловките може да бидат поврзани и со некои очни болести или тегоби, како мигрена или висок крвен притисок. Тие, исто така, може да се јават после операции на очите.

Луѓето со пловки ќе забележат дека тие се поочигледни кога гледаат во еднобојна површина или во сино небо. Тие, исто така, ќе забележат дека се чини како пловките да се наоѓаат пред окото, а, всушност, тие пливаат внатре во окото. Пловките не се нешто што ви се причинува и очниот лекар може да ги види со специјална опрема.

Очната болница во Сиднеј (Sydney Eye Hospital) препорачува луѓето кои ќе добијат пловки во очите да одат на преглед кај домашниот лекар / очниот лекар / оптичарот што е можно поскоро. Иако пловките, сами по себе, се безопасни, промените што се случуваат внатре во окото може, потенцијално, да доведат до оштетување кое што, ако не се лечи, може да доведе до губење на видот. Ако во видното поле забележувате светкање, консултирајте се со вашиот домашен лекар / очниот лекар / оптичарот и/или веднаш одете во најблиската болница.